# Правилник за работа на МУЗИЧКА НОТА Скопје

Овој правилник за работа на „МУЗИЧКА НОТА“ Скопје / „MUSIC NOTE“ Skopje има за цел да обезбеди продуктивно и квалитетно музичко искуство за учениците/посетителите и наставниците. Со регистрацијата во програмата на училиштето учениците/посетителите го потврдуваат своето разбирање и прифаќање на условите утврдени во овој правилник.

## ОПШТИ УСЛОВИ

### Кодекс на однесување

„МУЗИЧКА НОТА“ промовира безбедна и поддржувачка средина за учење за сите ученици/посетители, како и за наставниот кадар. Затоа, очекуваме од учениците/посетителите и нивните семејства да покажуваат почит кон останатите ученици, наставниците, административниот персонал, како и кон музичките студија, просториите за вежбање, музичката опрема и материјалите.

Од учениците/посетителите на наставата се очекува да пристигнуваат навреме на индивидуалните и групните часови и да ја почитуваат имплементацијата на Програмата на Музичка Нота Скопје. Училиштето не сноси одговорност за надзор на учениците надвор од закажаното време за часови или вежбање.

### Електронски уреди

Користењето на мобилни телефони, таблети, iPod-и, електронски читачи и други електронски уреди е строго забрането за време на часовите, пробите, настапите и зад сцената за време на концертите.

За подобрување на организацијата на имплементацијата на Програмата,во интерес на учесниците, а во случај на семејна итна состојба за време на проба, настапи или концерт, молиме да стапите во контакт со наставниот кадар што го води часот или пробата.

## ПРАВИЛНИК ЗА ЗАПИШУВАЊЕ

### Запишување и пријавување на ученици/посетители на настава

Запишувањето на нови ученици/посетители на наставата е отворено во текот на целата година. За учениците кои веќе се запишани и продолжуваат со наставата во следната учебна година, распоредот се утврдува на почетокот од новата школска година.

Сите ученици (нови и постоечки) аплицираат електронски, преку е-пошта, или по вибер комуникацијсо цел да направат резервација на своето место.

Секој старател/родител или посетител на настава е должен да потпише договор за запишување на првиот час, со што се финализира уписот во училиштето. Со потпишувањето на договорот, се потврдува согласноста со условите наведени во договорот, овој правилник за работа и останатите акти на “Музичка нота”.

### Отпишување на ученикот/посетителот на настава

Секој ученик/посетител на настава може да биде отпишан во било кој момент од тековната учебна година, со потпишување на изјава за отпишување. Се смета дека ученикот/посетителот на настава е активен и запишан сѐ додека не се потпише и формално не се поднесе изјавата за отпишување.

## НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ И ФИНАНСИСКИ УСЛОВИ

### Начин и рокови на плаќање

Плаќањето за посета на наставата „Музичка Нота“ се реализира пред почетокот на првиот час.

Паричниот надоместок од страна на ученикот/посетителот на настава може да се реализира еднократно или преку плаќање на месечни рати.

Неопходно е уплатата да се изврши најдоцна до 10 - тиот ден во тековниот месец.

### Фактурирање

Здружението издава фактури за тековниот месец, кои се испраќаат по електронска пошта најдоцна до 1-виот ден во месецот. Плаќањето се врши исклучиво по електронски пат. По барање, може да се издаде фактура во печатена форма.

### Месечни рати

Плаќањето кое се одвива месечно е на еднакви рати секој месец, започнувајќи од првиот месец на наставата.

Учениците кои се запишуваат по уписниот рок (во текот на првото или второто полугодие), ќе имаат прилагодена месечна рата, според бројот на преостанати часови.

### Дополнителни трошоци

Сумата за посетување на наставата не ја вклучува цената за учество на меѓународни настани, добивање на интернационална диплома, ниту трошокот за полагање на меѓународен испит.

### Попусти

Доколку родителот/старателот изврши упис на второ дете за посетување на наставата во Здружението ќе се овозможи попуст од 15 %.

## ПОЛИТИКА ЗА ПРИСУСТВО

### Присуство на часови

Од учениците/посетителите на настава се очекува редовно и навремено присуство на сите часови и проби. Учениците кои доцнат на часовите не можат да очекуваат продолжување или надоместување на изгубеното време.

Наставниците кои доцнат на часот на учениците се должни да го надоместат времето со: продолжување на истиот час, или договарање на друг термин за надоместување.

Членовите на хорот треба да имаат предвид дека се дозволени максимум четири отсуства по семестар за да се стекне право на учество на концерт. Генералните проби се задолжителни.

### Пропуштен индивидуален час

Дополнителни (надоместени) часови се одржуваат само во случаи на болест или семејна итна состојба. Доколку ученикот е болен (посетителот на настава), родителот/старателот треба да го извести наставникот најдоцна до 9:00 часот наутро за тој ден.

Наставниците не се обврзани да надоместат пропуштен час доколку не е навремено доставено известување.

Учениците имаат право на најмногу два дополнителни часа по семестар. Во случаи кога ученикот отсуствува поради други активности, патувања или лични причини, наставниците не се должни да обезбедат дополнителни часови, и членарината/сумата за часовите не се намалува.

Доколку наставникот или школото го откаже индивидуалниот час, истиот ќе биде презакажан и надоместен во договор со ученикот/родителот.

**<u>Комуникација и следење на напредокот</u>**

Успешното музичко образование во „Музичка Нота“ се заснова на активна соработка меѓу ученикот/посетителот на наставата, наставникот и родителот/старателот. Комуникацијата помеѓу сите вклучени страни ја сметаме за исклучително важна.

По завршувањето на првиот семестар, наставниците изготвуваат писмен извештај за напредокот на секој ученик, кој содржи детален преглед и препораки. Извештајот ќе биде дискутиран со родителите/старателите или посетителот на наставата на закажан состанок во месец јануари.

Родителите/старателите се охрабруваат да останат во редовна комуникација со наставникот во текот на целата година за напредокот и потребите на ученикот. Наставниците, како и одговорниот на Здружението, секогаш стојат на располагање за разговор за напредокот на ученикот/посетителот на наставата и за дополнителна поддршка.

Во ретки случаи, родителот/старателот или ученикот може да имаат загриженост во врска со наставникот или педагошкиот пристап. Овие ситуации се непријатни, но јасната комуникација е неопходен пат до решавање на било кое недоразбирање. Иако овие разговори се тешки за сите вклучени страни, правилниот тек на дејствување е директно да се соопштат грижите до наставникот. Понекогаш, во оваа фаза, може да се разјаснат погрешните сфаќања или да се дискутираат очекувањата поцелосно. Доколку недоразбирањето не се реши по консултацијата со наставникот, може да се закаже состанок помеѓу родителот/старателот, наставникот и застапникот на Здружението за да се утврди најдобриот тек на дејствување.

**<u>Завршни концерти и натпревари</u>**

На крајот на секоја учебна година „Музичка Нота“ Скопје изведува годишен концерт, а во текот на годината се исполнува репертоар на постоечките концерти и јавни часови. Концертите кои се во организација на училиштето може да се подготвуваат/изведуваат низ текот на целата учебна година.

Учество на ученикот/посетителот на наставата на годишниот концерт или натпревари се реализира во координација со наставниците, зависно од спремноста на секој ученик/посетител на настава поединечно.

Котизацијата на натпреварите не влегува во редовната сума за наставата на “Музичка нота
”

Редовноста на пробите по групната настава е од исклучителна важност бидејќи на овие проби се работи на дополнително музичко и техничко изедначување на учениците. Периодот на одвивање

на ваквите проби е околу 2 месеци, а пред започнување на истите секој ученик добива распоред на пробите кој треба да го почитува.

За членовите на хорот неопходно е максимално присуство на наставата/пробите.

Доколку ученикот/членот на хорот има отсуство на повеќе од 4 проби, не може да учествува на настапи, концерти и слично.

**ПУБЛИЦИТЕТ И УПОТРЕБА НА ФОТОГРАФИИ**

Здружението за музичко образование „Музичка Нота“ Скопје користи професионални фотографи и видео снимачи за време на концерти, проби и други настани, со цел создавање на материјали за промотивни и едукативни цели.

Настаните, вклучително и вечерните концерти, може да бидат пренесувани во живо (Livestream).

Фотографии и видеа на кои се појавуваат персоналот и учениците може да бидат објавени: на веб-страницата на училиштето, во печатени материјали, и на социјалните медиуми на училиштето.

Имиња на ученици никогаш не се објавуваат заедно со фотографиите, освен со претходна, писмена согласност од родителот/старателот/посетителот на наставата.

Со регистрацијата по програмата на Здружението за музичко образование „Музичка Нота“ Скопје, потврдувате дека ја разбирате и се согласувате со оваа политика за фотографирање и публицитет.

***Тимот на „Музичка Нота“ Скопје***